## Глобални податоци за ракот во 2018-та: процена на GLOBOCAN за инциденцата и за морталитетот во светот и во Европа




Проценета (според староста) стандардизирана **стапка на инциденца во светот во 2018-та**, за сите видови рак, кај двата пола, кај сите возрасти.




**Проценета** (според староста) **стандардизирана стапка на смртност во светот во 2018-та**, за сите видови рак, кај двата пола, за сите возрасти.

Обезбеден е извештај за состојбата во врска со глобалната оптовареност со ракот во светот со користење на проценките на GLOBOCAN (The Global Cancer Observatory) за 2018 година, за инциденцата и смртноста подготвени од Меѓународната агенција за истражување на ракот, со фокус врз географските разлики во 20 региони во светот.

Ќе се појават 18,1 милиони проценети нови случаи на рак (17,0 милиони исклучувајќи го немеланотичниот рак на кожата) и 9,6 милиони случаи на смрт од рак (9,5 милиони исклучувајќи го немеланотичниот рак на кожата) во 2018-та година.

Кај двата пола заедно, ракот на белите дробови е најчесто дијагностицираниот рак (11,6% од сите случаи) и водечката причина за смрт (18,4% од вкупниот број на случаи на смрт од рак), тесно следен од ракот на дојка кај жените (11,6%), ракот на простата (7,1%), и ракот на колоректумот (6,1%) за инциденцата и ракот на колоректумот (9,2%), ракот на желудникот (8,2%), и ракот на црниот дроб (8,2%) за смртноста.

Ракот на белите дробови е најчестиот рак и водечка причина за смрт од рак кај мажите, следен од ракот на простатата и ракот на колоректумот (за инциденцата) а од ракот на црниот дроб и ракот на желудникот (за смртноста). Кај жените, ракот на дојката е најчесто дијагностициран рак и водечка причина за смрт од рак, следен од колоректалниот и белодробниот рак (за инциденцата), и обратно (за смртноста); ракот на цервиксот е на четвртото место како според инциденцата така и според смртноста.

Меѓу жените, ракот на дојката е најчесто дијагностициран рак и водечка причина за смрт од рак, следен од колоректалниот и белодробниот рак ( за инциденцата), а обратно (за смртноста); ракот на цервиксот се рангира на четвртата позиција и за двете, инциденца и смртност.

Најчесто дијагностицираниот рак и водечката причина за смрт од рак, меѓутоа, значајно се разликува во земјите и внатре во секоја земја во зависност од степенот на економскиот развој и поврзаните социјални фактори и факторите на начинот на живеење. Вредно е да се забележи дека податоците од регистрите со висок квалитет, основата за планирање и имплементација на програмите за контрола на ракот засновани врз докази, не се на располагање во повеќето земји со низок и среден доход. Глобалната иницијатива за развој на регистар за рак е меѓународно

партнерство, здружување, кое поддржува подобра процена, како и прибирање и користење на локалните податоци, за да им даде приоритет и да ги процени националните напори за контрола на ракот.

Европа содржи 9% од населението во светот но има 25% удел од глобалната оптовареност со рак. Се до денес статистичките податоци за ракот во Европа се клуч за планирањето поврзано со ракот. Процените за инциденцата и смртноста од ракот за 25 значајни видови рак се прикажани за 40 земји во четири области на Европа дефинирани од Обединетите нации и за Европа и Европската унија (ЕУ-28) за 2018-та.

Проценките на националните стапки на инциденца и смртност за 2018 година се засновани врз статистички модели применети врз најновите публикувани податоци, со предвидување добиено од најновите трендови, онаму каде е можно. Проценетите стапки во 2018-та се применети на процените на населението за 2018-та за да се добијат проценетите вредности за новите случаи на рак и смртни случаи во Европа во 2018-та.

Проценети се 3,91 милион нови случаи на рак (исклучувајќи го немеланотичниот рак на кожата) и 1,93 милиони случаи на смрт од рак во Европа во 2018 година. Најчестите локации се ракот на дојка кај жените (523,000 случаи), проследено од ракот на колоректумот (500,000 случаи), на белите дробови (470,000 случаи) и ракот на простата (450,000 случаи). Овие четири типови на рак претставуваат половина од вкупната оптовареност со рак во Европа. Најчестата причина за смрт од рак е ракот на белите дробови (388,000 случаи на смрт), ракот на колоректумот (243,000 случаи на смрт), ракот на дојката (138,000 случаи на смрт) и ракот на панкреасот (128,000 случаи на смрт). Во ЕУ-28, проценетиот број на нови случаи на рак е околу 1.6 милиони кај мажите и 1.4 милиони кај жените, со 790,000 мажи и 620,000 жени кои умираат од болеста во истата година.

Претставените процени на оптовареноста со рак во Европа заедно со описот на профилот на најчестите типови на рак на национално и регионално ниво обезбедуваат основа за поставување приоритети на активности за контрола на ракот во Европа. Процените прикажани овде се засноваат врз податоците регистрирани во 145 популациски регистри на рак во Европа. Нивната одамна востановена улога за планирање и евалуација на националните планови за рак на континентот не треба да се потценуваат.

Јануари, 2019

Преземено од: CA Cancer J Clin. 2018 Nov, Eur J Cancer. 2018 Nov.

Подготвил: Прим. д-р сци. Весна Спирова